Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 31.05.2023

На 30.05.2023 во периодот од 11 до 17 часот спроведена е засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 160 возачи. Од нив, 112 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 31 возеле без возачка дозвола, а санкционирани се и други прекршоци. Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до сите учесници во сообраќајот да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и заеднички да придонесеме за побезбедни патишта.

На 30.05.2023 околу 17.30 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 18-годишниот Н.А. од Штип, со живеалиште во Радовиш. Тој се сомничи дека околу 13.45 часот во парк на ул.„Живко Брајковски" во Гостивар одзел паричник од малолетничка од Гостивар. По целосно документирање на случајот на Н.А. ќе му биде изготвен поднесок.

На 30.05.2023 околу 22.20 часот на ул.„Панче Караѓозов" во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип го привеле Џ.Д,(23) од Штип затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.05.2023 во 01.15 часот во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип го лишиле од слобода Д.Д.(42) од Штип затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.05.2023 во 13.20 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода М.Б.(35) од Косово затоа што при извршена проверка било констатирано дека евидирал во оперативната евиденција со мерка „апси" по телеграма од СВР Скопје. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (30.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 161 возачи. Од нив, девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно со дури над 70 километри на час над дозволеното. Притоа, 90 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 71 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (30.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 154 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 21 санкција, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 25 санкции за прекршоци што ги чинат возачи на моторцикли. Изречени се три мерки за користење мобилен телефон при возење, 10 за непрописно престројување, четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

Вчера (30.05.2023) на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 42 возачи. Од нив, 23 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 19 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци. Во периодот од 11.00 до 17.00 часот, пак, спроведена е акциска контрола за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 16 возачи. Притоа, 8 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 5 возеле без возачка дозвола, 1 мотоцикл бил нерегистриран,1 мотоциклист управувал под дејство на алкохол,1 со измината важност на осигурителна полиса .... За време на контролата санкционирани се 26 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 30.05.2023 во 14.45 часот во Полициската станица Крива Паланка било пријавено дека на магистралниот пат Крива Паланка - Куманово, атар на с.Псача, општина Ранковце, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „тико" со кривопаланечки регистарски ознаки, управувано од З.К.(52) од Крива Паланка и товарно возило „мерцедес" со полуприколка со српски национални ознаки, управувано од Б.С.(48) од Република Србија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле З.К. и неговата сопатничка М.К.(52) од Крива Паланка, додека со телесни повреди се здобил сопатникот од истото возило Д.К.(21) од Крива Паланка, констатирани во Општа болница во Куманово. Увид на местото на несреќата извршила екипа од Полициската станица Крива Паланка.

На 30.05.2023 во 22.45 часот во Полициската станица Драчево, И.Т.(40) од Скопје пријавил дека на ул. „Иван Хаџи Николов" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 30.05.2023 во 16.15 часот во Полициската станица Гази Баба, Љ.К.(33) од Радовиш пријавил дека на ул.„Финска" бил каснат од куче скитник.

На 30.05.2023 во 17.30 часот во Полициската станица Аеродром, Л.Д.(68) од Скопје пријавила дека во Бутел била касната од куче скитник.

На 30.05.2023 во 11.25 часот на улица „Железничка" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле М.С.(60) од струшкото село Ливада. Тој бил баран по потерница врз основа на наредба од Основен суд Струга за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Струга за издржување на казната.

Денеска (31.05.2023) во 00.50 часот на влез во с.Белановце, општина Липково, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор „Белановце" при Регионалниот центар за гранични работи Север го привеле Н.М.(31) од Куманово. При преглед во неговото возило била пронајдена поголема количина производи за кои не поседувал никаква документација. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок. Претходно, на 30.05.2023 околу 23.45 часот во близина на граничната линија со Косово, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор „Блаце" при Регионалниот центар за гранични работи Север, исто така, пронашле поголема количина производи, кои биле подигнати и пренесени во Полициската станица за граничен надзор „Блаце" за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.А.(36) и Б.С.(35), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 16.05.2023 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „бмв", кое го управувал И.А., а Б.С. бил сопатник, при што биле пронајдени и одземени три пиштоли „Црвена застава", три рамки и повеќе куршуми калибар 7,62х25 мм.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.П.(36) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 18.05.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Скопје, при што пронашле и одзеле ловечка пушка, два пиштоли, од кои еден автоматски пиштол, рамка за пиштол и 85 куршуми.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против М.В.(48) од село Војшанци, неготинско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 28.12.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во село Војшанци, при што пронашле и одзеле поголема количина пиротехнички средства.

На 30.05.2023 во периодот од 11.00 до 17.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. При контролата бил откриен и санкциониран 21 прекршок (ТЕ-15 и ГВ-6). Најголемиот број од прекршоците (14) се однесувале на некористење на заштитна кацига, односно шлем (ТЕ-10 и ГВ-4), 5 мотоциклисти управувале без возачка дозвола (ТЕ-4 и ГВ-1), 1(ТЕ) управувал нерегистриран мотоцикл, а 1(ГВ) имал истечена полиса. На сите им се изготвени поднесоци и зависно од видот и карактерот на констатираниот прекршок ќе се соочат со предвидените парични глоби кои се движат од 45 до 500 евра во денарска противвредност.

На 30.05.2023 во 23.09 часот во Полициската станица Штип, од Клиничката болница Штип било пријавено дека за укажување на лекарска помош со тешки телесни повреди бил донесен Е.В.(45) од Штип. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при пад од мопед во двор на ул.„Благој Мучето" во Штип. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Штип.

На 30.05.2023 во 12.45 часот на подрачје на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Л.Т.(79) од Скопје затоа што претходно во градски автобус допирал по телото малолетничка од Скопје. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.05.2023 во 00.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари. Е.Д.(34) од Скопје пријавила дека во домот се вратила нејзината малолетна ќерка Ј.Д.(13), за која на 29.05.2023 беше пријавено дека се оддалечила од домот.

На 31.05.2023 во 00.00 часот во СВР Скопје, Б.А.(47) од Скопје пријавила дека на 30.05.2023 околу 22.45 часот на подрачјето на Гази Баба, поради претходни недоразбирања, била физички нападната од 45-годишната А.Т. од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.05.2023 во 11.50 часот, Т.Д.(20) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улица „Рудничка" во Кичево била касната од куче скитник.
На 30.05.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Драчево, В.А.(46) од Скопје пријавила дека на ул. „Иван Хаџи Николов" била касната од куче скитник.

На 30.05.2023 во 22.50 часот во Полициската станица Драчево, И.К.(34) од Скопје пријавил дека на ул. „Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.

На 30.05.2023 во 13.00 часот во Полициска станица Ѓорче Петров, С.А.(21) од Скопје пријавил дека во село Кучково, скопско бил каснат од куче скитник.

На 30.05.2023 во СВР Битола, С.М.(58) од Битола пријавила дека крстосница од ул„Солунска" и ул.„Ѓорги Наумов" во Битола била касната од куче скитник.

На 30.05.2023 во СВР Битола, М.Б.(31) од Битола пријавил дека во близина на спортската сала во Битола бил каснат од куче скитник.

На 30.05.2023 во СВР Битола, Н.С.(26) од Битола пријавил дека во Градскиот парк во Битола бил каснат од куче скитник.

На 30.05.2023 во 22.25 часот во СВР Скопје, Д.П.(40) од Скопје пријавил дека на 29.05.2023 околу 20.35 часот на подрачје на Аеродром, неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.А.(44) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 21.09.2022 во Битола, полициски службеници извршиле преглед на А.Б.(44) од Битола, при што пронашле и одзеле марихуана, која ја купил од пријавениот.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријави против А.Ѓ.(34) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 29.05.2023 на Граничен премин „Деве Баир", пријавениот на увид приложил фалсификуван зелен картон за товарно возило „мерцедес", кое го управувал.
Денеска (31.05.2023) во 07,55ч. во ОУ„25 ти Мај", лоцирано на ул.„Алија Авдовиќ" во Скопје, во машкиот тоалет од страна на хигиеничар пронајдена е рамка од пушка. Веднаш по добиената пријава преземени се соодветни мерки и активности од страна на полициските службеници за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Б.(34) од Охрид поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". Таа, на 08.04.2023 на социјалната мрежа Фејсбук објавила монтирана фотографија од малолетничка со коментари со кои и ја загрозила сигурноста.

На 30.05.2023 во периодот од 11.00 до 17.00 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци, од кои 9 за неносење заштитна кацига, 2 без возачка потврда, 1 за нерегистриран мотоцикл, кој согласно чл.344 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата бил одземен и 1 други видови на прекршоци . Истиот ден била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле санкционирани 9 прекршоци од кои 2 во населено и 7 надвор од населено место. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци, од кои 10 за управување возило без возачка дозвола, 7 за некористење сигурносен појас и 2 за непрописно паркирање.

На 30.05.2023 во 16.30 часот на кеј „Македонија" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле С.К.(23) од Охрид затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет